Акционерско Друштво
КОНЗЕРВНА ФАБРИКА
Бр.05-0201-2016
20-04-2016год.
Струмица

# ЗАПИСНИК

Од редовно годишно собрание на акционери на АД Конзервна фабрика Струмица одржано во просториите на Ад Конзервна фабрика на 20.04.2016г., со почеток во 13,00 часот.

Согласно одредбите на чл.384 ст.1 и чл.387 ст.1 и 3 од Законот на трговските друштва, Претседателот на УО на АД Конзервна фабрика Струмица со јавна покана објавена во дневниот весник Нова Македонија од 26.03.2016 год., свика редовно годишно собрание на АД Конзервна фабрика Струмица закажано на 20.04.2016год., со почеток во 13,00 часот со следниот

## Дневен ред

1. Разгледување и усвојување на завршна сметка за 2015 година.

2. Усвојување на Ревизорскиот извештај за 2015година

3. разно

На седницата беше присутен Претседателот на Управниот Одбор на АД Конзервна фабрика Иван Николов од Струмица,кој според состојбата од акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност е најголем акционер со право на глас,односно неговото учество во основната главнина на Акционрското Друштво Конзервна фабрика сСтрумица изнесува 85,51%.

На седницата на собранието за Претседавач беше избрана акционерот Николова Снежана, кој, согласно чл.393 од ЗТД, утврди дека со присутните акционери е обезбеден кворум за легитимна работа на собранието,бидејки беше присутен најголемиот акционер на АД Конзервна фабрика со право на глас од 85,51% За понатамошен тек на седницата на Собранието од присутните акционери за Записничар беше избрана Тодорка Миткова, а за Оверувачи на Записникот беа избрани акционерите Иван Николов и Дијана Николова. Потоа, Претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред и истиот беше едногласно усвоен.

Од првата точка од дневниот Тодорка миткова даде образложение на финансиските податоци од завршната сметка за 2015 година, со напомена дека заради објективни причини во извештајниот период фабриката немала производни активности.

Беше прочитан и Извештајот на Ревизорот за 2015 година бидејки овластениот ревизор

не беше лично присутен, а претседавачот Николова Снежана го прочита Извештајот за работа на Управниот Одбор на Друштвото.

**О Д Л У К А**

Се усвојува и прифаќа завршната сметка- финансов извештај за 2015 година, Извештајот за работата на раководството во 2015 година и ревизорскиот извештај за 2015 година.

Под точка разно немаше дискусија и затоа седницата на Акционерското Собрание на АД Конзервна фабрика заврши во 14 часот.

Струмица 20.04.2016 година

Председавач на собрание

Николова Снежана

Записничар

Тодорка Митковa

Оверувачи на записникот

Иван Николов

Дијана Николова

Акционерско Друштво КОНЗЕРВНА ФАБРИКА Струмица